# Аллах ќе ги собере сите – и првите и последните – на едно рамно место. Повикот ќе го чујат сите, а погледот ќе ги опфати сите. Сонцето ќе се приближи, и луѓето ќе бидат погодени од толкава мака и тешкотија што нема да можат да ја издржат, ниту ќе имаат сила да ја поднесат

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога му било донесено месо, му ја подале предната нога – што му беше најомилен дел – па одгриза едно залаче, а потоа рече: „Јас сум првак на луѓето на Судниот ден. Знаете ли зошто? Аллах ќе ги собере сите – и првите и последните – на едно рамно место. Повикот ќе го чујат сите, а погледот ќе ги опфати сите. Сонцето ќе се приближи, и луѓето ќе бидат погодени од толкава мака и тешкотија што нема да можат да ја издржат, ниту ќе имаат сила да ја поднесат. Ќе речат: ,Зарем не гледате до каде сме стигнати? Зар нема некој што ќе се застапи за нас пред нашиот Господар?' Ќе се повикуваат меѓусебно: ,Одете кај Адем!' Ќе отидат кај Адем, алејхи селам, и ќе речат: ,Ти си таткото на човештвото. Аллах те создаде со Својата рака, ти вдахна душа, им нареди на мелеците да ти се поклонат – застапи се за нас пред твојот Господар. Зарем не гледаш во каква состојба сме?!' Тој ќе одговори: ,Господарот денес се разгневил со гнев каков што никогаш претходно не го покажал, ниту ќе го покаже после тоа. Ми забрани да се доближам до дрвото, а сепак не послушав. Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај друг – одете кај Нух!' Ќе отидат кај Нух, алејхи селам, и ќе речат: ,О, Нух! Ти си првиот пратеник испратен до луѓето, а Аллах те нарече благодарен роб. Застапи се за нас пред твојот Господар.' Тој ќе одговори: ,Господарот денес е разгневен со гнев каков што никогаш не покажал, ниту ќе покаже после тоа. Имав дова и ја упатив против мојот народ. Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај Ибрахим!' Ќе дојдат кај Ибрахим, алејхи селам, и ќе речат: ,О, Ибрахим! Ти си Аллаховиот веровесник и Неговиот миленик меѓу луѓето – застапи се за нас пред твојот Господар!' Ќе им рече: ,Господарот денес е разгневен како никогаш досега, ниту пак ќе биде поразгневен после тоа. Јас изреков три лаги. Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај Муса!' Ќе одат кај Муса, алејхи селам, и ќе речат: ,О, Муса! Ти си Аллахов пратеник – Тој те одликуваше со Своето пратеништво и говор. Застапи се за нас пред твојот Господар!' Тој ќе рече: ,Господарот денес е разгневен со гнев што никогаш не го покажал, ниту ќе го покаже после тоа. Убив човек кој не ми беше наредено да го убијам. Себеси!

Себеси! Себеси! Одете кај Иса, синот на Мерјем!‘ Ќе отидат кај Иса, алејхи селам, и ќе речат: ‚О, Иса! Ти си Аллахов пратеник, создаден со Зборот Негов кој на Мерјем ѝ го достави, и живот ти даде. Зборуваше со луѓето додека беше дете во лулка – застапи се за нас пред твојот Господар!‘ А тој ќе рече: ‚Господарот денес е разгневен како никогаш досега, ниту пак ќе биде поразгневен после тоа.‘ – и нема да спомне никаков грев – ‚Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај Мухамед!‘ Ќе дојдат кај мене и ќе речат: ‚О, Мухамед! Ти си Аллахов пратеник и последниот од веровесниците. Аллах ти ги прости и претходните и идните гревови. Застапи се за нас пред твојот Господар!‘ Тогаш јас ќе тргнам, ќе дојдам под Аршот и ќе паднам на сеџда пред мојот Господар. Аллах ќе ми отвори пофалби и пофални изрази што никому пред мене не му ги дал. Потоа ќе ми се рече: ‚О, Мухамед, подигни ја главата! Барај – ќе ти биде дадено! Застапи се – ќе биде прифатено!‘ Ќе ја подигнам главата и ќе речам: ‚Господару мој, мојот умет! Господару мој, мојот умет! Господару мој, мојот умет!‘ Ќе ми се каже: ‚О, Мухамед, воведи ги во Џенетот – низ десната врата – оние од твојот умет врз кои нема пресметка. А тие ќе бидат заедно со другите луѓе и во останатите врати на Џенетот.‘ А потоа тој, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Се колнам во Оној во чијашто рака е мојата душа, растојанието меѓу двете крила на една од џенетските порти е колку од Мека до Химјер – или колку од Мека до Бусра.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, еднаш бил со асхабите на гозба. Му беше послужена предната нога од овца – дел од месото што му беше најомилен – па одгриза еден залак со врвот од забите, а потоа им се обрати: „Јас сум првакот на потомците на Адем на Судниот ден – и тоа го кажувам како благодарност кон Аллах за Неговата благодат.“ Потоа рече: „Знаете ли зошто? Луѓето ќе бидат собрани на Судниот ден на едно широко и сосема израмнето место. Повикот на повикувачот ќе го слушнат сите, а погледот ќе ги опфати сите – нема да има каде да се скриеш. Дури и последниот човек ќе го слуша оној што зборува, и секој ќе може да ги види сите. Сонцето ќе се приближи на растојание од една милја, и луѓето ќе бидат погодени од толкава мака и тешкотија што нема да можат да ја поднесат. Ќе бидат немоќни да издржат, па ќе почнат да бараат излез преку застапништво/шефат. Аллах ќе им дозволи на верниците да појдат кај Адем, таткото на човештвото. Ќе дојдат кај него и ќе му ги спомнат неговите доблести, надевајќи се дека ќе се заземе за нив пред Аллах. Ќе му речат: ‚Ти си Адем, татко на човештвото. Аллах те создаде со Својата рака, ти ја вдахна душата, те научи на имињата на сите нешта, и им нареди на мелеците да ти се поклонат – застапи се за нас пред Господарот!‘ А тој ќе им одговори: ‚Господарот денес се разгневил со гнев каков што никогаш претходно не покажал, ниту пак ќе го покаже по тоа. Јас згрешив – ми беше забрането да јадам од едно дрво, а јас не послушав. Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај друг – одете кај Нух!‘ Ќе отидат кај Нух, алејхи селам, и ќе му речат: ‚Ти си првиот пратеник кого Аллах го испрати до луѓето на Земјата, и Аллах те нарече благодарен роб. Заземи се за нас пред Господарот!‘ Но тој ќе им одговори: ‚Господарот денес е разгневен со гнев каков што никогаш не го покажал, ниту пак ќе го покаже после тоа. Јас имав дова, и ја упатив против мојот народ. Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај друг – одете кај Ибрахим!‘ Ќе дојдат кај Ибрахим, алејхи селам, и ќе речат: ‚Ти си Аллаховиот миленик

на Земјата – заземи се за нас пред твојот Господар! Зарем не гледаш во каква мака сме?!‘ А тој ќе им одговори: ‚Господарот денес се разгневил со гнев каков што никогаш порано не го покажал, ниту пак ќе го покаже после тоа. Јас сум изговорил три реченици што по форма личат на лага: – кога реков: Болен сум, – кога за киповите реков: Ова го направи најголемиот од нив, – и кога ѝ реков на Сара: ‚Кажи му дека сум ти брат, за да се заштитам од неговото зло.‘ Иако овие зборови биле кажани со прикриено значење (маʿарид), сепак, бидејќи изгледаат како лага, тој ќе се воздржи, плашејќи се и сметајќи се недостоен за застапништво. А што повеќе човекот го познава Аллах и има поблиска положба кај Него – толку е поголем и неговиот страв. Потоа ќе рече: „Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај друг – одете кај Муса!“ Ќе отидат кај Муса, алејхи селам, и ќе му речат: „О, Муса! Ти си Аллахов пратеник! Аллах те одликуваше со пратеништвото и говорот Свој! Застапи се за нас пред твојот Господар! Не гледаш во каква мака сме?!“ А тој ќе одговори: „Господарот денес се разгневил со гнев каков што никогаш досега не го покажал, ниту, пак, ќе го покаже после тоа. Јас убив човек – а не ми беше наредено да го убијам. Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај друг – одете кај Иса, синот на Мерјем!“ Ќе дојдат кај Иса, алејхи селам, и ќе му речат: „О, Иса! Ти си Аллахов пратеник. Ти си Аллахов пратеник, создаден со Зборот Негов кој на Мерјем ѝ го достави, и живот ти даде. Зборуваше со луѓето уште како бебе во лулка – застапи се за нас пред твојот Господар! Не гледаш во каква состојба сме?!“ А тој ќе одговори: „Господарот денес се разгневил со гнев каков што никогаш не го покажал, ниту пак ќе го покаже после тоа.“ – И нема да спомне никаков грев, туку само ќе рече: „Себеси! Себеси! Себеси! Одете кај друг – одете кај Мухамед!“ Ќе дојдат кај Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, и ќе речат: „О, Мухамед! Ти си Аллахов пратеник и последниот од веровесниците! Аллах ти ги прости и минатите и идните гревови – застапи се за нас пред Господарот! Не гледаш ли во каква состојба сме?!“ Тогаш ќе појдам, ќе дојдам под Аршот и ќе паднам на сеџда пред мојот Господар. Аллах ќе ми овозможи да Му упатам пофалби и возвишени почесни зборови какви што никој пред мене не Му рекол. Потоа ќе ми се рече: „О, Мухамед, подигни ја главата! Барај – ќе ти биде дадено! Застапи се – ќе ти биде прифатено!“ Ќе ја подигнам главата и ќе кажам: „Господару мој, мојот умет! Господару мој, мојот умет! Господару мој, мојот умет!“ И ќе ми биде дозволено застапништвото. Потоа ќе ми се рече: „О, Мухамед, воведи ги од твојот умет – низ десната порта на Џенетот – оние врз кои нема пресметка. А тие ќе влезат и преку останатите порти, заедно со останатите верници.“ А потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Се колнам во Оној во Чија рака е мојата душа – растојанието помеѓу двата столба на една од џенетските порти е колку растојанието меѓу Мека и Сана во Јемен – или колку растојанието меѓу Мека и Бусра во Хауран (област во Шам).“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/8345

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee